и6229

Стр. 13 Бр. 1155
ДНЕВНИК, ЧЕТВРТОК, 20 ЈАНУАРИ 2000

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

# Расправа за македонскиот модернизам

Во Музејот на современата уметност денеска и утре ќе се одржи симпозиум под наслов „Прашања за македонскиот модернизам". Организатор е Здружението на граѓани „359-Мрежа за локални и субалтерни херменевтики", а целта е да се истражат главните и водечките тези за природата и карактерот на дефинирањето на модернизмот во ликовните уметности во Македонија.

Денеска (10 ч.) се предавањата на д-р Иван Џепаровски за „Митовите на модернизмот", Златко Теодосиевски „Точка/и на модернизмот во македонската ликовна уметност", за „Користење на традицијата" ќе говори м-р Емил Алексиев, м-р Кокан Грчев за „Интерактивност и поливалентност на архитектурата во Македонија: традиција-фолклор-модерна", Валентино Димитровски за „Аспекти на модернизмот во Македонија" и предавањето на Лазо Плавевски - „Робеспјер".

Утре повторно во 10 часот, симпозиумот ќе почне со предавањето на д-р Небојша Вилиќ, кој ќе говори за „Парадоксите на една проектна матрица", Марика Бочварова има излагање за Уметноста во просторот: уметноста на грубото, привлечното, декоративното", за „Модернизмот во Македонија: меѓу догматизмот и заборавот" ќе говори Лилјана Неделковска, Габриела Шукуровска ќе зборува за „Размислувања за критиката", Маја Чанкуловска за „Неколку толкувања на уметноста на претставници од најмладата генерација ликовни уметници во Македонија", Наташа Јариќ „Лабораторија", и Соња Абаџиева - „За методологијата на женското писмо".

Методолошките пристапи кон темата на симпозиумот треба да се однесуваат на уметничката критика и интерпретативна теорија, а не на самата уметничка продукција. Водечката цел на овој симпозиум не е да ги отфрли досегашните интерпретативни матрици, туку да ги дополни, награди и заокружи истражувањата на овој важен сегмент од македонската модерна уметност.

Во „359-Мрежа за локални и субалтерни херменевтики" се здружени група интелектуалци кои поаѓаат од нивното искуство во дефинирањето на нивната позиција како субјекти во една култура оптоварена со императивите на западноевропскиот дискурс. Појдовната премиса на таа група е пренасочувањето на овој дискурс, односно да ги постави дефинирањата и интерпретациите на искуствата и знаењата акумулирани на овој простор во функционална прагматика, а за потребите на локалното, во рамките на групата разбрано во пошироки рамки, односно на Балканот. Со тоа, основната цел на Здружението е промоција на локалните интелектуални и творечки ресурси и нивното поставување на рамништа што ќе ги прагматизираат западните интерпративни методологии во функција на локалното. Поточно, да ги имплементира и да ги направи овие методологии функционални за потребите не за западните мислители, туку за локалните, за тие што непосредно ја проживуваат постколонијалната и субалтерна состојба со која се опкружени.

(О.П.)



Спасе Куноски: „Логор, 1960 година"